Исто така би било потребно да се разгледаат можностите за редовна меѓусебна размена на актуелни информации и податоци за СФРЈ и НРП значајни за работата на учебниците по историја. Тоа важи и за соработката на подготвување соодветни илустрации. Понатаму се предлага да се утврди начинот на редовна размена на наставни планови и програми како и други документи кои се однесуваат на системот на образованието во двете земји.

На крајот двете страни се согласија да се предвиди одржувањето на наредниот состанок на мешовитата југословенско-полска работна група во 1981 година во НР Полска. Двете страни констатираа дека соработката на усовршувањето учебниците по историја ќе служи за зближување и подобро запознавање на народите од двете земји, воспитувајќи ги младите на основите од Хелсиншката и Белградската конференција и Декларацијата на ОН во духот на општочовечките вредности и борба за траен мир во светот.

Наум ДИМОВСКИ

## ЈУГОСЛОВЕНСКО-ЧЕХОСЛОВАЧКИ НАУЧЕН СОБИР
### Економските и општествените проблеми во периодот на преминот од феудализам кон капитализам

Овој научен собир се одржа во Прага во рамките на XIII седница на Југословенско-чехословачката историска комисија од 24 до 28 септември 1979 година. Ќе споменеме дека претходната седница и симпозиумот на тема: Југословенските и чехословачките народи и Минхенскиот договор, мошне успешно се одржа во СР Македонија. Овие два научни собири со своите квалитети и ширина се сметаат едни од неколкуте најуспешни собири. На симпозиумот во Прага учествуваа со реферати над дваесет истакнати научни работници и уште толку дискутанти, скоро од сите републики на СФРЈ, од Чешка и Словачка.

Според програмата на собирот референтите ги обработуваа следните прашања:

Ф. Хејл (Брно) ги разјаснуваше промените во општествената структура во средна и југоисточна Европа во времето на позниот феудализам. М. Шмерда (Брно) изнесе интересни согледувања за типологијата на народите во Хабзбуршката монархија во првата половина на XIX век. М. Хрох (Прага), третирајќи ја проблематиката на буржоаската револуција во преодниот период од феудализам кон капитализам, изнесе интересни согледувања и предлог-заклучоци за начинот на формирањето на нациите и предолжи една типологија, која не е можно да се примени во сите земји.

Н. Петровиќ (Белград) зборуваше за клучното значење на сообраќајот за успехот на меркантилистичката политика во средното Подунавје; Б. Графенауер (Љуб-

љана) изнесе некои интересни проблеми на преминот од феудализам кон капитализам во словенските земји, а Ј. Адамчек (Загреб) зборуваше за предусловите на развојот на капитализмот во Хрватска.

За општествено-политичките и економските прилики во Македонија во втората половина на XVIII и првата половина на XIX век поднесе реферат Гл. Тодоровски (Скопје). Л. Хаџибеговиќ (Сараево), зборуваше за предусловите на развојот на капитализмот во Босна и Херцеговина во XIX век (до 1878 год.). Р. Поплазаров изнесе реферат на тема: Аграрните односи во Македонија на преминот од феудализам кон капитализам. За влијанието на индустриската револуција во словенечките земји изнесе интересни податоци и согледувања Р П. Водопивец (Љубљана), а В. Мелик (Љубљана) ги разгледуваше општествените идеи и политичките прашања во дадениот период.

За земјите на јужна Југославија (Босна и Херцеговина, Косово и Македонија) во социјално-економската структура на Османската држава во XVIII век поднесе реферат З. Велеса (Прага). Ј. Возар (Братислава) зборуваше за индустриското производство во Словачка, а П. Раткош (Братислава) за аграрните односи со словачкото село. Историчарите од Словачка поднесоа реферати за следните прашања: М. Кучерова, Проблеми за класно-општествениот и економскиот состав на населението во градовите и селата во Словачка; А. Шпиез, Градот во стопанскиот живот на Словачка во XVIII век; П. Хорват, Земјоделството во Словачка во периодот на распаѓањето на феудализмот; И. Палковиќ и Ф. Седлак, За карактеристичните црти на унгарското стопанство во периодот на распаѓањето на феудализмот во Словачка.

Интересен беше и рефератот на Т. Краљевиќ (Сараево) за влијанието на туѓиот капитал врз развојот на капитализмот во Босна и Херцеговина. Е. Маур и Ј. Петрањ (Прага) поднесоа реферат за улогата на крупниот земјоделски посед (велкостатек) во чешките земји во периодот на преминот од феудализам кон капитализам. Беа прочитани и некои други реферати, кои дополнително беа внесени во програмата.

Од изнесеното се гледа дека на научниот собир доминираше стопанската проблематика, и тоа главно, затоа што таа дотогаш релативно помалу била проучувана. Поради разни причини, на симпозиумот не беа презентирани реферати за дадената проблематика во Чешка (освен еден), во Црна Гора, во Србија итн. Тоа може да се смета како пропуст и слабост. Без оглед на тоа, сите реферати и поголем дел од

дискусијата, која се водеше на високо, критичко и научно ниво, дадоа значаен придонес во расветлувањето и проучувањето на дадената проблематика.

Рефератите од овој значаен симпозиум ќе бидат издадени како зборник на трудови. Така значењето на зборникот ќе биде од траен карактер а ќе остане и како траен доказ за многузначајните научни југословенско-чехословачки врски во областа на историографијата. За тие меѓусебни односи имаа доста големо значење старите и нововоспоставените познанства и контакти кои им овозможуваат на научните работници меѓусебно да се запознаваат со можностите и личните намери за продлабочување на научната соработка.

**Ристо ПОПЛАЗАРОВ**